


**ДЕЛ ОД СУДБИНАТА НА ЕРУСАЛИМ**

**Според монографското дело „Израел и Македонија“ на Славе Катин, а во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“, од Скопје и Фондација „Ѓорѓија –Џорџ Атанасоски“ од Прилеп, 2017, 1-376, (на англиски, македонски и хебрејски), авторовото п атувањето во Израел беше дел од неговите посети на педесетина различни земји ширум светот**

Во, ова дело, меѓу другото се вели дека доаѓањето на Римјаните во 63-тата година пр.н.е., кои овде останале сè до 324 година од н.е., се подигнале бројни замоци, паркови и јавни згради. Храмот, делумно бил обновен по победата на персискиот крал Кир над Вавилонците. Меѓутоа, конечно го обновил еврејскиот крал Ирод, за што Јосиф Флавиј ќе рече дека Храмот бил највеличенствената градба на тогашниот свет.

Светиот Храм конечно исчезнал во огнот на римските легии на Тит Флавиј, во 70-тата година од н.е. Се наведува дека на советувањето пред решавачката битка за Ерусалим,

Тит Флавиј и неговите најблиски соработници, решиле да го поштедат Храмот, како сведоштво за возвишеноста на човековиот градителски гениј.

Меѓутоа, воениот жар има свој резон: местото посветено на Бога го проголтале огнените јазици на омразата. Останал само еден потпорен ѕид – денешниот Ѕид на плачот.

Легендата вели дека ноќта кога Ерусалим бил осветлен од огновите кои отворале нова страница во историјата на Евреите, свештениците ги фрлиле клучевите од Храмот кон небото, со зборовите: „Боже, чувај ги сега ти овие клучеви“. Ветерот на историјата го развеал пепелиштето на Храмот низ Јудеја, а Евреите низ целиот свет.

За време на долгите векови прокоба низ туѓиот свет, сеќавањето на Ерусалим и Храмот бил поттик за Евреите да ги издржат сите неволји, но и верба дека еден ден повторно ќе се вратат на својата земја. При градбата на секоја синагога, секаде каде што живееле Евреите, се оставал еден необоен камен во ѕидот – сеќавање на Ерусалим.

Секоја синагога е завртена во правец на Светиот град. Со мислата за Ерусалим почнувал и завршувал денот на секое еврејско семејство. Правило кое и ние Македонците од секаде во светот треба да го применуваме со вртење кон македонскиот Ерусалим, вечниот Охрид.


www.calxibe.com





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**